РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 29.04.2021
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0801 | 284/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-94/22
05.04. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 12 седница одржана на 24.02.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Турски јазик и книжевност", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Турски јазик и книжевност",", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран професор по Турски јазик и книжевност, Дипломиран преведувач и толкувач од Турски на македонски и обратно VI A (НРК) /во меѓународен промет академски назив: Bacherol of arts in turkish Language and literature - Language teaching, Bacherol of arts in German Language and literature - translation and Interpreting (Turkish - Macedonian - Turkish) VI A (NQF)

4. Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки.
Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазикот (лингвистика), 612 Наука за книжевноста;
Научно – истражувачка област: 64002 Туркологија , 64010 Општа лингвистика
64011 Применета лингвистика , 64012 Компаративна лингвистика , 64013 Фонетика
64014 Фонологија , 64015 Социолингвистика , 64016 Психолингвистика, 64018 Граматика, семантика, семиотика, синтакса , 64019 Лексикологија , 64020 Историја на јазикот, 64021 Учење на странски јазици , 64022 Преведување , 64024 Теорија на литературата , 64025 Општа и компаративна литература , 64026 Литературана критика , 64028 Методика на јазик , 61207 Теорија на книжевноста , 61225 Методика на литературата.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 40 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 0201 - 306/78 од 20.05.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Турски јазик и книжевност", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 94/1 од 10.07.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 6-та седницата одржана на 26.08.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 94/20 од 24.03.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 12-та седница одржана на 24.02.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски